Граѓанскиот ресурсен центар организираше три скроени обуки за стратешко позиционирање на четири организации: Организација на жени на општина Битола , Екvинокс скаут Штип
, Здружение за доброволно младинско работно ангажирање Волонтери – Пелистер Битола и
Доброволно противпожарно друштво Свети Николе
. Секој ментор работеше индивидуално со по една организација. На овој начин се ставија во фокус нивните поединечни потреби, а учесниците заедно работеа на јакнењето на сопственото здружение.



Работилниците се одржаа во Скопје, Битола и Штип во периодот од 26 јули до 1 август 2019 година и на нив учествуваа 22 претставници од четирите организации. Работилниците ги спроведоа менторите Сунчица Саздовска, Валентина Атанасовска и Драгана Митровиќ.

„Волонтери- Пелистер е новооснована организација чии членови покажаа голем ентузијазам. Работилницата ќе им користи бидејќи имаат капацитет, имаат можност за напредок и единствено им е потребен некој да ги води низ процесот на подготвување на основните организациски документи“, рече менторката Валентина Атанасовска.

Учесниците имаа задача врз основа на историјата на својата организација од основањето до сегашноста да го утврдат нејзиниот стадиум од животниот циклус и научија како да се справат со предизвиците кои тој ги носи. Дополнително, здруженијата ги формулираа или прилагодуваа своите визија и мисија, а исто така ги дефинираа стратешките приоритети на работењето преку анализа и приоретизирање на услугите и продуктите на организацијата.



Учесниците ги оценија овие скроени обуки како многу корисни и продуктивни, а побараа и нивно почесто организирање во иднина. Како главна придобивка од учеството ја истакнаа можноста повеќе членови на една организација да работат заедно со ментор.

Работилниците се дел од активностите на Граѓанскиот ресурсен центар, проект финансиран од Европската Унија а спроведуван од Македонски центар за меѓународна соработка во партнерство со Асоцијација за демократски иницијативи од Гостивар и Медиа плус од Штип.

